Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски" - Скопје - придружна членка
број 298/1 30.09.2025 година
СКОПЈЕ

До
Совет за квалитет на
Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

# ГОДИШЕН АКЦИСКИ ПЛАН (2025/26)

## со конкретни мерки за отстранување на слабостите и унапредување на квалитетот на дејноста

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| Назив | Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје |
| Седиште | Загрепска 29, Скопје |
| Контакт информации | +389(0)2 3092 -872 |
| Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации) | доц. д-р Илче Мицевски-Игнат, в.д. декан<br>E-MAIL: dekan@pbf.edu.mk |
| Членови на Советот за квалитет на единицата | проф. д-р Дарко Анев<br>проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски<br>м-р Билјана Петковска<br>Стефан Илиевски<br>Дарио Божиновски |
| Учебна година за која се однесува Годишниот акциски план | 2025/2026 учебна година |
| Датум на усвојување од страна на Советот за квалитет на единицата | 29.09.2025 год. |
| Датум на усвојување од страна на Наставно -научниот совет на единицата | 29.09.2025 год. |
| Годишниот акциски план | ☒ Се доставува првпат<br>☐ Се доставува вторпат, со коригирани технички забелешки<br>☐ Се доставува вторпат, по завршена доработка. |

Скопје, 30.09.2025 МП

В. Д. Декан,
доц. д-р Илче Мицевски-Игнат

## 1. **Приказ на состојбата – клучни наоди од Извештајот за самоевалуација**
(со посебен акцент на последната учебна година)

| Предности | Слабости |
|---|---|
| ⇒ Мисијата на Факултетот, како највисока богословска просветна и научна установа на Македонската православна црква подготвува свештенство, монаштво и друг високообразовен кадар за развивање и унапредување на богословските науки.<br>⇒ Православниот богословски факултет во Скопје е значајна институција во доменот на теолошките истражувања и воедно ги исполнува академските стандарди и при тоа е препознатлив во академските теолошки кругови во Православната црква и големите европски теолошки факултети и институти.<br>⇒ Квалификуван наставно-научен кадар, кој своето образование го има стекнато на престижни европски универзитети (Италија, Германија, Романија, Грција и Русија).<br>⇒ Континуиран развој на научната мисла и имплементација на современи научни достигнувања во својот образовен процес.<br>⇒ Современи и компатибилни програми (прв, втор и трет циклус) со студиските програми на реномирани теолошки факултети од Европа имплементирани и прилагодени во наставно-научниот процес.<br>⇒ Имплементиран е електронскиот систем за библиотечно работење COBISS и се надградува кадарот од библиотеката.<br>⇒ Зголемен издавачки корпус на наставно-научниот кадар.<br>⇒ Зголемување на наставно-научниот кадар забележителност во подобрувањето на наставно-научните резултати.<br>⇒ Компатибилна распределба на часови на наставниот кадар соодветен за реализација на квалитетна настава.<br>⇒ Зголемен број на објавени трудови. | ⇒ Научно истражувачкиот потенцијал недоволно искористен / причина: недостаток на материјални средства.<br>⇒ Отсуство на средства за фундаментална научна-истражувачка дејност (неможност за целосно финансирање на меѓународните конференции од страна на Православниот богословски факултет од Скопје).<br>⇒ Немање можност за користење на Еразмус+ програмата.<br>⇒ Низок степен на мобилност на наставниот кадар и студентите и вклучување во Еразмус+ програмата.<br>⇒ Недоволно информирање на Православниот богословски факултет од УКИМ за голем број проекти и вклученост во веќе започнати проекти.<br>⇒ Преголем некаталогизиран библиотечен фонд, кој побарува и поголем временски период за каталогизација (на тој начин се отежнува употребувањето на книгите и нивно издавање).<br>⇒ Обезбедување на континуирано библиотечно работење – попис и индексирање на севкупниот библиотечен фонд. Потребен е поголем број на лица кои би работеле на каталогизирање во разумен временски рок, бидејќи станува збор за над 70.000 некаталогизирани библиотечни единици.<br>⇒ Недоволно активно учество на студентите во различни проекти.<br>⇒ Недоволно активно делување на Студентскиот парламент со другите студентски здруженија во рамките на УКИМ.<br>⇒ Недостаток од потребни средства за целосна реализација на обновата на факултетската зграда (врати и скали).<br>⇒ Постапно имплементирање на електронскиот систем за |

| | |
|---|---|
| ⇒ Зголемен број на учества на проекти и конференции.<br>⇒ Ресурсите за поддршка на студентите подостапна и овозможување на предавални и осовременување со аудио-визуелна опрема на факултетот и предавалните (5 ЛЦД проектори, има и: 5 скенери, 10 печатачи и еден фотокопир за реализација на наставата).<br>⇒ Обновена внатрешната Wi-Fi мрежа со рутери.<br>⇒ Континуитет и постојаност во софтверските решенија за администрацијата и наставата на Факултетот (Iknow и Ilearn). (Постепено имплементирање на Iknow 2).<br>⇒ Анализата (софтверски реализирана во Iknow) од студентските анкети спроведени на Православниот богословски факултет покажува дека во изминатите пет години е во голема позитивна вредност во оцената од студентите.<br>⇒ Овозможување на учество на студенти на реализирани меѓународни конференции и летни школи во странство.<br>⇒ Спроведена постапка за реакредитација на студиска програма за прв циклус на студии за 2025 година. (реализирана постапка за реакредитација на втор и трет циклус на студии)<br>⇒ Добиена реакредитација за трет циклус на студии (одобрена: се чека само решение за започнување на работа со трет циклус).<br>⇒ Втор циклус на студии има студенти од странски теолошки факултети | административна работа (електронски дневник) |
| **Можности** | **Закани** |
| ⇒ Факултетот својата дејност и мисија настојува да ја спроведува и надвор од просториите за настава, преку изведување на предавања од поширок интерес.<br>⇒ Постапка за проширување на библиотеката, опремување на | ⇒ Недоволен финансиски фонд за комплетирање и обновување на факултетската зграда.<br>⇒ Неможност да се одговори на сите покани за меѓународни конференции и симпозиуми поради финансиски причини.<br>⇒ Изоставање на учество на студентите при |

| | |
|---|---|
| библиотеката со нова компјутерска опрема и каталогизација на библиотечниот фонд.<br>⇒ Предвидени предавања на домашни професори и гости, од Универзитетите и епархиите во нашата земја.<br>⇒ Планирано предавање на проф. Д-р Блаженка Валентина Мандариќ од Католичкиот богословски факултет, Загрепски универзитет.<br>⇒ Подготовка на меѓународна конференција во соработка со теолошкиот факултет од Регенсбург во соработка со ELCE и SNTS (Society for New Testament Studies)/(Планирана конференција од 10 до 17 Мај 2026 – планиран број на учесници 40). | големи проекти на факултетот и земање на учество на студенти при одредени комисии на факултетот.<br>⇒ Не доволна информираност на студентското собрание на православниот богословски факултет за правата, должностите и можностите на студентите. |

| СТАТУС НА СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ | |
|---|---|
| **Стандарди кои се целосно исполнети** | - Институционална политика за обезбедување квалитет<br>- Креирање, одобрување и следење на студиските програми<br>- Учење, настава и вреднување насочено кон студентот<br>- Запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати<br>- Наставен кадар<br>- Ресурси за учење и поддршка на студенти<br>- Управување со информации<br>- Информирање на јавноста<br>- Меѓународна соработка и интернационализација |
| **Стандарди кои се делумно исполнети** | Институционални политики за обезбедување на квалитет во прилог/ индикатор 1.6 станува збор за надворешна евалуација од страна на Светиот архиерејски синод на Македонската православна црква – ОА и проследување на деканот на факултетот за годишен извештај пред Архиепископскиот Управен Одбор и квартален извештај до Министерството за образование и наука. |
| **Индикатори кои се делумно исполнети** | Индикатор 5.8 Поттикнување на научната работа во однос на соработка и мобилност на професорите и студентите за можност и учество во програмата Еразмус+, во која Православниот богословски факултет нема учество.<br>Факултетот се уште нема потпишано договор за меѓународна соработка преку програмата Еразмус+ преку УКИМ. Образложението за тоа од страна на Универзитетот е дека, како придружна членка на Универзитетот, Православниот богословски факултет треба независно да аплицира за чартер и мобилности. По овие насоки, Факултетот ја подготви соодветната документација и поднесе апликација до соодветниот рок (јануари 2025 г.), при тоа се уште нема одговор, а во апликативниот дел е потврдено само како деклариран. |
| **Стандарди кои не се исполнети** | Неисполнети стандарди на Православниот богословски факултет нема. |

| | |
|---|---|
| | |
| **Индикатори кои не се исполнети** | Индикатори кои не се исполнети на Православниот богословски факултет нема |
| **Најдобри практики и научени лекции во последната учебна година (се наведуваат до 5)** | 1. Остварување на добра соработка на универзитетско ниво и постојана тенденција за континуирано усовршување и реформирање на студиските програми, како и трансфер на знаења и користење на искуства од соодветни студиски програми во светот.<br>2. Установата е посветена на развој за унапредување на квалитетот на образовниот процес (зголемен број на објавени научни трудови).<br>3. Комплетна и културна коресподенција на наставно научниот кадар во подготовка на проекти и меѓународни конференции.<br>4. Отворена и постојана коресподенција со Деканот и Ректорската управа за сите можни предизвици и зголемување на меѓународната соработка на факултетот.<br>5. Овозможување на студентите да бидат дел од голем број на комисии (особено во комисијата за самоевалуација и во комисијата за квалитет на установата) на факултетот и целосно познавање за потребите на студентите. |
| **Најголеми предизвици и недостатоци во обезбедување на квалитетот (се наведуваат до 5)** | 1. Реализација на меѓународните конференции (неможност на факултетот да обезбеди финансии за учество на студентите да земат учество на меѓународни научни настани, конференции и симпозиуми.)<br>2. Мобилизација на наставниот кадар и студентите во заемна програма од типот на Еразмус+<br>3. Реализирање на индексирање на библиотечниот фонд и софтверско решение.<br>4. Финансирање на предавања на професори од реномирани европски теолошки факултети и институти.<br>5. Финансирање за учество на наставно-научниот кадар на православниот богословски факултет за посета на конференции. |

| ПРЕДЛОГ КОНКРЕТНИ МЕРКИ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА СЛАБОСТИТЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ДЕЈНОСТА[1] | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Стандард** | **Индикатор** | **Мерка** | **Вредност Г1[2]** | **Проектирана вредност Г2[3]** | **Рок** | **Надлежно тело** | **Ресурси** | **Ризик** |
| 2. | 2.6. Очекуван работен ангажман на студентот и вклучување во добро структурирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). | М1 Процентот на практичната настава да биде валоризирана во вкупното студентско оптоварување. (студентите добиваат можност да го комбинираат и надоградуваат своето практично знаење во согласност со соодветни и сродни студиски програми). | 50 | +10% | 2025-2026 | Православен богословски факултет – Св. Климент Охридски – Скопје; | По можност целосна покриеност или поддршка или делумно финансирање за практичниот дел од страна на Светиот Синод на МПЦ – ОА; УКИМ – Скопје | Доколку студиските програми не го дефинираат јасно вкупниот очекуван ангажман на студентот и не вклучат добро структурирани надворешни активност (обуки, практична работа и слично), постои опасност студентите да останат без соодветно практично искуство, нивното оптоварување да биде несоодветно распределено, а стекнатите компетенции да не одговараат на реалните професионални потреби. |
| 3. | 3.2. Почитување на различноста на | М1 Иновативни пристапи и мноштво педагошки | 50 | +10% | 2025-2026 | Православен богословски факултет – Св. | Православен богословски факултет – Св. | Доколку во наставата не се применуваат иновативни принципи постои опасност |

[1] За еден индикатор може да се предложат повеќе мерки.
[2] Се однесува на вредноста во претходната учебна година - 2024/25.
[3] Се однесува на проектираната вредност за следната учебна година - 2025/26.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | методи во наставата, како и зголемена мотивација и активно учество на студентите. | | | | Климент Охридски – Скопје | Климент Охридски – Скопје; | студентите да не развијат критичко размислување и практични вештини, а квалитетот и атрактивноста на образовниот процес да се намалат. (Особено важно за практичната настава и транспарентност и континуитет во следењето на самото оценување). |
| 5. | 5.6. Можности за професионален развој на наставниот кадар – организирање на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава | М1 Обуки и тренинзи за наставниот кадар со современи педагошки практики во наставата и поттикнување во наставниот процес. Поттикнување на континуирана размена на искуства и најдобри практики меѓу професорите и наставниот кадар. Зајакнување на соработката и збогатување на методолошката палета во секојдневната | 50 | +10% (+20%) | 2025-2026 | Православен богословски факултет – Св. Климент Охридски – Скопје; | По можност целосна покриеност или поддршка или делумно финансирање од страна на Светиот Синод на МПЦ – ОА; УКИМ – Скопје (Во изминатите пет години финансиски средства за таа намена од буџетот на Министерството за образование и | Доколку не се спроведуваат редовни обуки и тренинзи за наставниот кадар и не се врши систематско следење и анализа на резултатите од наставата постои опасност професорите да не усвојат проактивни иновативни методи во наставата. Во таков случај, успешните пристапи остануваат непрепознаени и областите кои бараат дополнителна обука или корекција не се идентификуваат, а квалитетот, ефективноста и |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | наставна пракса. | | | | | наука не биле доделени на Православниот богословски факултет за овие цели. Неможноста, пак, на Факултетот за самофинансирање на ваквите обуки е причина зошто Факултетот до сега не организирал обуки и тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за наставата.) | привлечноста на наставата значително се намалуваат. |
| | 5.8 Поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. | М1 За реализација на меѓународните конференции потребна поголема соработка и разбирање на основачот на православниот богословски факултет од Скопје и поддршка од УКИМ | 50 | +10% (+20%) | 2025-2026 | Православен богословски факултет – Св. Климент Охридски – Скопје; | По можност целосна покриеност или поддршка или делумно финансирање од страна на Светиот Синод на МПЦ – ОА; УКИМ – Скопје | Можност за одбивање и не подржување како и несериозност во поглед на потребите на Православниот богословски факултет. |
| | | М2 | 50 | +20% | 2025- | Целосна | Неможност за | Не учеството во |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Мобилизација на наставниот кадар и студентите во заемна програма од типот на Еразмус+ | | | 2026 | соработка на православниот богословски факултет со УКИМ и подготвеност на УКИМ во спроведувањето на Ерзамус+ програмата | интегрирање на православниот богословски факултет во програмата Еразмус+ | програмата Еразмус + постои ризик од пропуштање на меѓународни искуства, можности за професионален развој и градење на интеркултурни вештини. |
| | | М3<br>Реализирање на индексирање на библиотечниот фонд | 50 | +10% | 2025-2026 | Православен богословски факултет – Св. Климент Охридски – Скопје; | Можност за работилници и обука за библиотекарство | Недостаток на доволен број на стручно обучени кадри за индексирање на библиотечниот фонд сериозно го отежнува неговото систематско, навремено и квалитетно обработување. |
| | | М4<br>Финансирање на предавања на професори од реномирани европски теолошки факултети и институти. | 50 | 10% | 2025-2026 | Православен богословски факултет – Св. Климент Охридски – Скопје; | Поддршка за финансирање од страна на Светиот Синод на МПЦ – ОА; УКИМ – Скопје | Не доволно ангажирање и разбирање на важноста за меѓународна научна коресподенција помеѓу реномирани кругови на професори од Европа |
| 9. | 9.4.А. Реализирање на заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), | М.1<br>Број на тековни меѓународни проекти<br><br>(Подготовка на меѓународна конференција во соработка со теолошкиот факултет од Регенсбург во | 50 | 20% | 2025-2026 | Православен богословски факултет – Св. Климент Охридски – Скопје; | Поддршка за финансирање од страна на Светиот Синод на МПЦ – ОА и УКИМ – Скопје<br><br>(Преговори за финансирање од страна на | Доколку оваа соработка не се одржи и не биде особено поттикната за реализација се намалуваат можностите за размена на академско искуство и соработка со други голем број интернационални проекти и воедно би довело до негативно |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | соработка со ELCE и SNTS (Society for New Testament Studies)/(Планирана конференција од 10 до 17 Мај 2026 – планиран број на учесници 40).) | | | | | теолошкиот Факултет од Регенсбург – и институтот Beyond the Canon Regensburg). | влијание на квалитетот и видливоста на теолошкиот квалитет на Православниот богословски факултет Св. Климент Охридски – Скопје. Соработката со ELCE (European L. Conferenc in the Biblical World) преставува значајна платформа за размена на академско истражување во библискиот свет, обезбедувајќи пристап до меѓународни проекти, дискусии и стручни контакти. На овој начин би се намалила интернационалната видливост. |
| | 9.4.Б Учество на наставниот кадар на светски и меѓународни конференции | М.1 Зголемена мотивација и професионален развој на наставниот кадар преку размена на академско искуство | 50 | +20% од претходната година. | 2025-2026 | Православен богословски факултет – Св. Климент Охридски – Скопје; | Поддршка за финансирање од страна на Светиот Синод на МПЦ – ОА; УКИМ – Скопје | Доколку наставниот кадар не учествува на меѓународни и светски конференции, постои опасност да се изгубат можности за академска размена на искуства и намалување на приказот на теолошкиот квалитет на академско ниво на Православниот богословски факултет Свети Климент Охридски – Скопје. Исто така се намалува размената на |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | современи наставни практики и иновативни методи и намалување на професионалниот развој на наставниот кадар, што ни резултирало со долгорочно влијание на квалитетот и конкурентноста на наставата. |